Универзитет Скопје
Број 09-41/2
10.04.2025 год.
Скопје

УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ

УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН
Број 2/2025

10. април, 2025 година
Скопје

СОДРЖИНА

РЕФЕРАТИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ

ИЗВЕШТАЈ НА РЕЦЕНЗИОНАТА КОМИСИЈА

ЗА ИЗБОР НА

Вонреден професор. д-р АЛЕКСАНДАР КОСТАДИНОВСКИ

ВО НАСТАВНО - НАУЧНО ЗВАЊЕ ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР

ОД НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКО ПОДРАЧЈЕ ОПШТЕСТВЕНИ НАУКИ, НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКО ПОЛЕ ЕКОНОМСКИ НАУКИ, ОБЛАСТ СМЕТКОВОДСТВО (50328) НА УНИВЕРЗИТЕТОТ СКОПЈЕ ВО СКОПЈЕ

Проф. д-р Блажо Недев, редовен професор во пензија, претседател
Економски факултет, Универзитет "Св.Кирил и Методиј"Скопје,

Проф. д-р Атанаско Атанасовски, редовен професор, член**,**
Економски факултет, Универзитет "Св.Кирил и Методиј" Скопје,

Проф. д-р Зоран Ивановски, редовен професор, член,
Економски факултет, Универзитет Скопје - Скопје.

	До Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитет СКОПЈЕ во Скопје Република Македонија

Предмет: Извештај на Рецензентска комисија која дава мислење во постапка за избор на **д-р Александар Костадиновски**, вонреден професор, во наставно-научно звање вонреден професор, за научно-истражувачко подрачје 5: Општествени науки, научно-истражувачко поле 503 Економски науки, област 50328 Сметководство,

Врз основа на одлука на Наставно научниот совет на Економскиот факултет на Универзитетот Скопје во Скопје за избор во звање, и објавениот Конкурс на Универзитетот Скопје – Скопје во весникот "Нова Македонија" од 25.02.2025 г. во согласност со Член 172 и 173 од Законот за високо образование (Службен Весник на РМ бр.82/2018) за избор на еден (1) наставник во наставно-научно звање вонреден професор, за научно-истражувачко подрачје 5: Општествени науки, научно-истражувачко поле 503: Економски науки, област Сметководство (50328), на Универзитетот Скопје во Скопје.

На истата седница, **именувана е и Рецензентска комисија за давање на мислење во постапката за избор** на еден наставник во наставно-научно звање вонреден професор за научно-истражувачко подрачје подрачје 5: Општествени науки, научно-истражувачко поле 503: Економски науки, област Сметководство (50328), на Универзитетот Скопје во Скопје, и тоа во состав:

1. Проф. д-р Блажо Недев, редовен професор во пензија, претседател
   Економски факултет, Универзитет "Св.Кирил и Методиј"Скопје,

2. Проф. д-р Атанаско Атанасовски, редовен професор, член,
   Економски факултет, Универзитет "Св.Кирил и Методиј" Скопје,

3. Проф. д-р Зоран Ивановски, редовен професор, член,
   Економски факултет, Универзитет Скопје - Скопје.

Во својство на членови на Рецензентската комисија за давање мислење во постапката за избор на еден наставник во наставно-научно звање вонреден професор за научно-истражувачко подрачје 5: Општествени науки, научно-истражувачко поле 503:

Економски науки, област Сметководство (50328), на Универзитетот Скопје во Скопје, го прифативме именувањето.

Рецензентската комисија утврди:
- дека Конкурсот е објавен во дневниот весник „Нова Македонија“ на 25 февруари 2025 година и на веб страницата на Универзитетот Скопје во Скопје (www.utms.edu.mk)
- дека во предвидениот рок за поднесување пријава на конкурсот се пријавил еден кандидат, и тоа: д-р Александар Костадиновски, вонреден професор, вработен на Економскиот факултет во рамките на Универзитетот МИТ во Скопје; и
- дека со пријавата на конкурсот, кандидатот ги доставил сите потребни документи според условите на конкурсот.

Врз основа на поднесената пријава, приложената документација и поднесените трудови на кандидатот,

Рецензентската комисија ја проучи научната, наставната и стручната дејност на кандидатот, ги усогласи ставовите и го поднесува до Наставно научниот совет на Економскиот факултет на Универзитетот Скопје - Скопје, следниот заеднички

И З В Е Ш Т А Ј

За кандидатот д-р Александар Костадиновски, вонреден професор, на Економскиот факултет во рамките на Универзитетот Скопје во Скопје

Извештајот опфаќа:

1. Биографија на кандидатот,
2. Анализа и оценка на научната дејност на кандидатот,
3. Анализа и оценка на наставната дејност на кандидатот,
4. Анализа и оценка на стручната дејност на кандидатот, и
5. Заклучна оценка, мислење и предлог на Рецензентската комисија.

Во прилог на извештајот се дадени:

1. Табеларен приказ на научните трудови на кандидатот *(Прилог 1),*
2. Список на научните и стручните трудови според категории *(Прилог 2),*
3. Доказ за исполнување на условите за вреднување на трудовите во релевантни бази на податоци врз основа на критериумите за избор во наставно-научно звање – вонреден професор, пропишани во Законот за Високото образование на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2018) *(Прилог 3),* како и
4. Примерок од анализираните научни трудови на кандидатот релевантни во постапката за избор во вонреден професор *(Прилог 4),*

5. Потврда за учество во научно-истаржувачки прект *(Прилог 5),*
6. Извештај од самоевалуација на Универзитетот *(Прилог 6),*
7. Извештај од Рецензентската комисија за избор во наставно-научно звање вонреден професор во научно-истражувачко подрачје 5: Општествени науки, научно-истражувачко поле 503: Економски науки, област Сметководство (на Универзитетот Скопје во Скопје *(Прилог 7),*
8. Одлука од Сенатот за избор во наставно-научно звање вонреден професор *(Прилог 8).*

1. БИОГРАФИЈА НА КАНДИДАТОТ—д-р Александар Костадиновски

Кандидатот, вонреден професор. Д-р Александар Костадиновски е роден на 30.04.1980 во с.Долно Седларце, Општина Брвеница. Основно образование завршил во с. Брвеница, а средно гимназиско образование во Тетово, со континуиран одличен успех.

Во 2003 година дипломира на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на насоката сметководство и ревизија, со просечен успех во студиите 9,00. Истата година се запишува на постдипломски студии од областа сметководство и ревизија на Економскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на кои по положување на предвидените испити со средна оценка 8.75, на 06.12.2005 година го одбранува магистерскиот труд на тема *„Сметководствено планирање во претпријатијата",* со што се стекнува со научен степен **магистер по економски науки** од областа сметководство и ревизија.

Во 2007 година на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, пријавува тези за изработка на докторска дисертација. На 08.06.2009 година ја одбранува докторската теза на тема *„Мерење на перформансите и контрола на трошоците во здравствениот сектор"* и се стекнува со научен степен **доктор по економски науки.** Своето академско образование Д-р Александар Костадиновски го стекнува под менторство на Проф. д-р Блажо Недев.

Во 2004 се вработува како асистент ревизор во Друштвото за ревизија „Димитров ревизија" - Скопје. Во 2005 година заснова работен ангажман во Трговското друштво „Ма Импекс", на позиција финансиски работник. Во мај 2006 година е примен да волонтира на Европскиот универзитет во Скопје. Од 01.10.2006 година е избран за асистент на Факултетот за економски науки при Европскиот универзитет - Република Македонија, на предметните дисциплини Платен промет и Принципи на сметководство. На Европскиот универзитет работи сè до 01.03.2009 година.

Во октомври 2009 година Д-р Александар Костадиновски е избран за доцент на група на предмети од областа сметководство на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. На наведениот факултет предава предмети на првиот циклус на студии (Финансиско сметководство, Управувачко сметководство, Планирање, анализа и контрола на трошоци во здравството, Сметководствени информациони

системи и Меѓународни стандарди за финансиско известување), како и предмети на вториот циклус на студии (Финансиско известување и Управување со трошоци). Воедно, од страна на членовите на наставно-научниот совет на Економскиот факултет, д-р Александар Костадиновски на ден 27.04.2011 г. е избран за член на Универзитетскиот сенат при Универзитет "Гоце Делчев" – Штип. На овој Универзитет д-р Александар Костадиновски работи заклучно со 09.12.2014 г.

Од 01.02.2017 г. на Приватната високообразовна установа-Висока стручна школа ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА –Скопје е ангажиран со наставното звање професор за областа Сметководство и за областа Ревизија**,** како и на Приватниот НАУЧЕН ИНСТИТУТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА со научно/наставно-научно звање виш научен соработник/ вонреден професор за областа Сметководство и за областа Ревизија. На овие институции д-р Александар Костадиновски работи заклучно со 31.10.2018 г. каде што предава предмети од областа Сметководство и областа Ревизија.

На ден 17.10.2023 г. д-р Александар Костадиновски се вработува на Економскиот факултет при МИТ Универзитет Скопје, каде што работи заклучно со Април 2025 г. и каде што предавал предметни дисциплини од областа на сметководството и ревизијата.

Во 2011 година д-р Александар Костадиновски се стекнал со Лиценца за вештак од областа на материјалното, сметководственото и финансиското работење, а од 2012 и со Уверение за положен испит за проценувач на капиталот на трговски друштва, јавни претпријатија и други правни лица. Во наведените области д-р Александар Костадиновски остварува и работен ангажман во друштвата за вештачења, проценки и консалтинг: Форензик експертс ДОО Скопје (од 06.11.2018 до денес), Центар за стручна експертиза ДОО Скопје (од 06.12.2018 до денес) и ИНГ Институт ДООЕЛ Вевчани (од 28.09.2022 г. до денес).

Во досегашната работа д-р Александар Костадиновски се здобил со вештини за работа и користење на неопходни компјутерски програми како што се: MsOffice; Word, Excel, Power Point и слично.

Досегашната образовна, наставно-научна и стручно-апликативна активност на кандидатот ни укажува на научен и стручен интерес насочен кон различни теми и проблематики во состав на основното научно поле на проучување (економските и организационите науки), поконкретно кандидатот д-р Александар Костадиновски ја има целосно дефинирано својата ориентација кон истражување, проучување и стручен ангажман во областите на сметководството и сметководствениот менаџмент.

2. АНАЛИЗА И ОЦЕНКА НА НАУЧНАТА ДЕЈНОСТ НА КАНДИДАТОТ

Овој дел на Извештајот содржи:

2.1. Досегашни избори на кандидатот во соработнички и наставно-научни звања,

2.2. Преглед на научната дејност и анализа на научниот придонес на кандидатот, и

2.3. Оценка на севкупната научна дејност на кандидатот.

2.1. Досегашни избори на кандидатот во соработнички и наставно-научни звања

Д-р Александар Костадиновски на 28.09.2009 г. е избран за наставник група на предмети од областа сметководство во наставно-научно звање доцент на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (со Одлука бр. 1702-80/3 од 28.09.2009) (*Прилог*).

Реферат на Рецензенска комисија со кој му се предложува на Наставно - научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да го избере кандидатот Д-р Александар Костадиновски во звањето вонреден професор за наставно - научната област сметководство е објавен во Универзитетски билтен 128 од јули месец 2014 г. (*Прилог*).

Одлука бр.1702-189/5 од 25.08.2014 г. на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, со која Д-р Александар Костадиновски не е избран во звање вонреден професор за наставно-научната област Сметководство, а воедно не е избран и во звање доцент за наставно-научната област сметководство. (*Прилог*).

Пресуда РО бр.320/15 од 07.10.2015 г. донесена од Основен суд Штип, со која се поништува како незаконита Одлука бр.1702-189/5 од 25.08.2014 г. на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“. *(Прилог)*

Д-р Александар Костадиновски на 15.09.2016 година Приватниот НАУЧЕН ИНСТИТУТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА –Скопје врз основа на објавениот Конкурс на 10.06.2016 година во дневниот весник Нова Македонија, како и Реферотот на Рецензиона комисија за избор на еден наставник во наставно звање во областа на Сметководство и во областа на Ревизија има донесено одлука да го избере д-р Александар Костадиновски во научно/наставно-научно звање виш научен соработник/ вонреден професор за областа Сметководство (со Одлука бр.02-146/1 од 15.09.2016 г.).

Д-р Александар Костадиновски на 16.09.2016 година Приватната високообразовна установа-Висока стручна школа ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА – Скопје врз основа на објавениот Конкурс на 10.06.2016 година во дневниот весник Нова Македонија, како и Реферотот на Рецензиона комисија за избор на еден наставник во наставно звање во областа на Сметководство и во областа на Ревизија има донесено одлука да го избере д-р Александар Костадиновски во наставното звање професор за областа Сметководство и за областа Ревизија (со Одлука бр.02-2661/1 од 16.09.2016 г.).

2.2. Преглед на научната дејност и анализа на научниот придонес на кандидатот

Д-р Александар Костадиновски во неговата научна и истражувачка активност, до изборот во наставно-научно звање вонреден професор напишал докторска дисертација и објавил 4 научни трудови во меѓународно признати списанија и публикации, 6 научни трудови објавени во зборници на трудови од меѓународни научни конференции и 3 книги.

Во продолжение на извештајот е даден приказ на поединечна анализа и оценка на објавените научни трудови, и тоа:

2.2.1. Докторска дисетација
2.2.2. Објавени научни трудови
2.2.3. Анализа на објавените научни трудови и научниот придонес на кандидатот
2.2.4. Учество во научни проекти

2.2.1. Докторска дисертација

Докторската дисертација на тема: „Мерење на перформансите и контрола на трошоците во здравствениот сектор" кандидатот ја одбранил на 08.06.2009 година на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, пред комисија во состав: проф. д-р Бобек Шуклев, проф. д-р Живко Атанасовски, проф. д-р Љубомир Кекеновски и проф. д-р Зоран Миновски, а под менторство на проф. д-р Блажо Недев, истовремено и претседател на комисијата за одбрана на докторската дисертација.
Со одбрана на докторската дисертација кандидатот се стекнала со академски степен доктор на економски науки (PhD).

Докторската дисертација на кандидатот д-р Александар Костадиновски претставува дело во кое на оригинален начин се опфатени и претставени проблематиките во областа на здравствениот сектор и менаџментот како процес кој е многу значаен во остварување на зацртаните цели и перформанси на здравствените организации кои се соочуваат со се поголемиот притисок на трошоците и конкурентност за ограничените средства, а во исто време да се изнајдат оние решенија кои ќе водат кон успешно реализирање на поставените здравствени цели. Материјата во дисертацијата, покрај вовед, заклучок и литература, е изложена во шеснаесет глави структурирани во пет дела, логично систематизирани.

Во *Првиот дел* - **Утврдување на стратегиите при обезбедување на здравствените услуги**, се образложуваат предизвиците што постојат во ефективното мерење и примена на индикаторите на перформансите во подобрување на здравствените системи..

Во овој дел се укажува на потребата од мерење и подобрувањето на перформансите на здравствените системи. Функционирањето на здравствените системи, од аспект на ефикасноста, ефективноста и правичноста, влијанието врз јавните финансии, како и способноста да се излезе во пресрет на предизвиците како што се медицинските достигнувања, се повозрасната популација и зголемените очекувања, бараат креативни пристапи при донесувањето на одлуките. Голем е бројот на промените кои што ја иницираат потребата од трансформација. Притисокот врз трошоците е забрзан како резултат на новите пронајдоци во медицинската технологија кои овозможуваат нови интервенции и методи на испорака и организирање на здравствената заштита. Веродостојната и навремена здравствена информација е базична основа за поведување на определена акција во здравствениот систем. Здравиот здравствен информационен систем зависи од организараниот процес на собирање, поделба, анализа и употреба на поврзаните здравствени податоци во донесување на одлуките. Националните здравствени сметки се средство кое им овозможува на земјите да генерираат и да стекнат сеопфатни финансиски информации. Националните здравствени сметки се моќно средство дизајнирано да: 1) го процени износот и карактеристиките на здравствените трошоци; и 2) го подобри капацитетот на менаџерите да ги идентификуваат проблемите на здравствениот систем и можностите за промена, како и развој и следење на стратегиите за реформа. Форматирани како стандарден сет на табели, НЗС ги организираат, табелираат и прикажуваат различните аспекти на националните здравствени трошоци.

Во *Вториот дел* - **Финансирање на здравствениот систем**, кандидатот се фокусира на тоа како владите ги покренуваат приходите во финансирањето на нивните системи на здравствена заштита, како и на најновите иновации во јавното и приватното менаџирање со ваквите приходи (менаџирана конкуренција, сметките за медицинска заштеда, приватното осигурување и шемите за здружување на ризикот на заедницата).

Националните здравствени ресурси се обезбедуваат од владини и невладини извори, а се користат за финансирање широк спектар програми и услуги. Властите имаат многу опции за покренување (или мобилизирање преку присила) на приходи: директни и индиректни даноци, наплата од корисниците – провизии, наложувања, кредити, и заеми. Фактот дека некои земји со висок доход го следат директниот или даночно финансирачкиот модел, додека други се потпираат на социјалното осигурување, и дека во многу земји се застапени и двата модели, сугерира дека двата модели не се супериорни еден во однос на друг. Постојат две широки категории на аргументи во корист на здружување на ризикот во здравствената заштита, тие се однесуваат на правичноста и ефикасноста. Аргументите на правичноста се однесуваат на сфаќањето на општеството дека не е фер да се очекува од поединците да го претпостават целокупниот ризик поврзан со трошокот за задоволување на потребите на здравствена заштита. Отсуството на здружување на ризикот може да доведе до неефикасност. Здружувањето на ризикот овозможува трансферирање на ресурсите на здравствената заштита кон посиромашните кои, во однос на побогатите, се наоѓаат на маргините во искористување на бенефитите од здравствената заштита. Токму поради тоа здружувањето придонесува кон подобрување на здравјето на населението, а со тоа и на економската продуктивност, пред се на посиромашните, кои во спротивно би

претставувале терет на општеството. Најважните императиви во здружување на ризикот се да се воспостават соодветни и веродостојни системи на управување, да се обезбеди собирање и управување на финансиите и да се осигура дека давателите на услуги се надоместени соодветно.

Во *Третиот дел* - **Интерен процес на производство на здравствени услуги**, кандидатот всушност се фокусира на комбинирањете на многуте инпути од ресурси во обезбедување на миксот на услуги кои ќе ги задоволат севкупните здравствени цели и приоритети.

Соодветниот микс на ресурси ќе варира меѓу системите на здравствена заштита, во зависност од расположливоста на ресурсите, релативните цени на различните инпути на ресурси, како и природата на здравствените проблеми кои треба да се решат. Менаџментот на болницата има одговорност кон заедницата да ги испорача здравствените услуги за кои што таа има потреба со прифатливо ниво на квалитет и по најниска можна цена. Определувањето и анализата на трошоците помага да се обезбедат потребните податоци при донесување на издржани одлуки поврзани со активностите и инвестициите во инфраструктурата. Доколку се структурирани соодветно, податоците за трошоците може да обезбедат информација за оперативните перформанси по трошковни центри. Знаењето на трошоците (по единица или вкупно) може да помогне во планирање на идните буџети (како индикатор на ефикасноста) и во воспоставување на тарифник на наплати за услугите на пациентите. Во пресметката на трошоците по единица треба да се следат седум чекори: 1) дефинирање на финалниот производ; 2) дефинирање на трошковните центри; 3) идентификуваање на целосниот трошок за секој инпут; 4) алокација на сите трошоци кон финалните трошковни центри (пресметка на вкупно алоцираните трошоци); 6) пресметка на трошоците по единица за секој финален трошковен центар; и 7) известување на резултатите. Одлуките во однос на утврдување на цените и понуда на услугите на пациентите од страна на департманите во болницата мора да бидат базирани на целосниот трошок поврзан со секоја услуга, вклучувајќи ги директните и индиректните трошоци.

Во *Четвртиод дел* - **Вработените во здравствениот сектор,** кандидатот се фокусира на човечките ресурси во здравствената заштита како централни во управување и испорака на квалитетни здравствени услуги.

Подготвувањето на здравствената работна сила да работи кон постигнување на нејзините здравствени цели претставува еден од најзначајните предизвици и можности за здравствените системи. Фокусот на институциите за здравствено едуцирање и на пазарите за регрутирање придонесува да се проникне во тоа како да се менаџира влезот во здравствената работна сила во линија со целите на перформансите. Работна сила со добра изведба е онаа која работи на начин кој што е одговорен, преведен и ефикасен во постигнување на најдобрите можни здравствени резултати, при дадени расположливи ресурси и околности. Проучувањето на перформансите треба да ги открие областите каде работната сила функционира добро и областите каде што се потребни извесни подобрувања. Вообичаен пристап во ваквото проучување е да се погледне во четирите димензии на перформансите на работната сила кои придонесуваат во постигнување на

подобра испорака на услугите и здравјето. Станува збор за следниве четири димензии: расположливост, компетентност, одговорност и продуктивност. Организациите мора да покажат добра изведба и да го развијат нивниот персонал до најголема можна мера, на тој начин обезбедувајќи место за поединците да напредуваат. Без адекватни промени кои би ги поддржале подобрените перформанси на постојните здравствени работници, било каков вид на стратегии за регрутирање и задржување на здравствените работници би имале ограничен ефект

Во *Петтиот дел* - **Испорака на здравствените услуги до корисниците**, кандидатот потенцира дека дистрибуцијата на здравствените интервенции до поединците кои имаат потреба од нив претставува критичен премин преку кој овозможувањето на здравствените услуги треба да придонесе кон социјалните цели, како што се подобрување на здравјето на популацијата и редуцирање на здравствените нееднаквости.

Рамката на ефективно покритие е корисно менаџмент средство бидејќи ја проширува проценката на обезбедување на здравствените услуги надвор од мерењето на пристапот и искористеноста, и нуди посеопфатен начин за следење на степенот до кој здравствените системи ги имплементираат активностите и нивото на влијание што тие го имаат на здравјето на популацијата. Рамката може да им помогне на менаџерите на здравствениот систем да ги идентификуваат тесните грла во испорака на здравствените услуги и да дизајнираат соодветни стратегии. Дистрибуцијата на здравјето во популацијата е клучна димензија и треба да биде мерена како посебна димензија на перформансите на здравствените системи. Мерењето на здравствената нерамноправност во основа се однесува на споредување на распределбата на здравствениот статус на поединците во рамки на популационите групи и споредување на распределбите меѓу различните популациони групи. Изборот на мерилата е значаен не само да се постави рамнотежа меѓу здравјето, одговорноста и праведноста во финансиското учество, туку исто така да се воспостави рамнотежа меѓу квалитетот и праведноста.
Кандидатот се осврнува и на Македонскиот здравствен систем, потенцирајќи дека здравствената заштита е релативно лесно достапна (географски, економски и временски) до населението бидејќи се спроведува во распространета мрежа на здравствени установи, со што е овозможено околу 90% од населението да добие здравствена услуга за помалку од 30 минути. И покрај тоа што постои распространета мрежа на различни здравствени установи, сепак системот не функционира како интегриран и координиран систем. Постојат неколку причини за недостигот на интеграција и координација: 1) системот е прекумерно фрагментиран и специјализиран; 2) матичниот лекар во повеќето случаи не обезбедува сеопфатна заштита и не се смета за клучен играч; 3) во системот. не постојат доволно правила и стимулации за адекватно „чување на портите“ на системот и адекватно упатување кон повисоките нивоа од здравствената пирамида, како резултат на што голем број пациенти се лекуваат на несоодветни нивоа. Високата невработеност, ниските плати, големиот обем на сива економија и слабиот капацитет за наплата на даноци и придонеси, се само некои од причините за ниското ниво на приходи за здравствениот сектор. Ниското ниво на приходи за здравствениот сектор се манифестира како

недостиг на вложувања во нова опрема и во одржување на објектите. Исто така, не се одделуваат средства за амортизација, ниту од страна на Владата и ФЗО, ниту од страна на самите здравствени установи. Поради ниското ниво на приходи, несоодветната алокација на средствата, несоодветното управување со здравствените установи, недоволно дефинираниот основен пакет на здравствени услуги, се наметнува потреба од повеќе видови на интервенции.

Заклучни согледувања - синтетизирани се заклучоците и сумирани се сознанијата за неопходноста од мерење на перформансите и контрола на трошоците во здравствениот сектор.

Научниот придонес

Научниот придонес на докторската дисертација произлегува од фактот што таа е пионерско истражување од ваков вид кај нас и истата ќе предизвика интерес кај сите оние што се занимаваат со проблематиката на здравствениот менаџмент, како и пошироко за здравствените работници. Според содржината и начинот на изработка, докторската дисертација претставува дело во кое на оригинален начин се опфатени и претставени проблематиките во областа на здравствениот сектор и менаџментот како процес кој е многу значаен во остварување на зацртаните цели и перформанси на здравствените организации кои се соочуваат со се поголемиот притисок на трошоците и конкурентност за ограничените средства, а во исто време да се изнајдат оние решенија кои ќе водат кон успешно реализирање на поставените цели. Трудот е напишан на оригинален начин и во него е присутна комплексноста на здравствениот систем. Може да се каже дека трудот претставува научен материјал со висок квалитет.

2.2.2. Објавени научни трудови

2.2.2.1. Пред избор во звање доцент

Во својот професионален и научен развој, до изборот во наставно-научно звање доцент, д-р Александар Костадиновски покрај докторската дисертација не објавил трудови од типот а1 и а2.

а) Научни трудови кои се објавени во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти и/или се застапени во една од релеватните библиографски бази на податоци (а1)

Рецезентската комисија констатира дека во прегледот на трудови, ниту во прилогот на документацијата, кандидатот д-р Александар Костадиновски не покажува дека поседува ваков вид на научни трудови.

б) Научни трудови објавени во зборници на трудови од меѓународни научни конференции (а2)

Рецезентската комисија констатира дека во прегледот на трудови, ниту во прилогот на документацијата, кандидатот д-р Александар Костадиновски не покажува дека поседува ваков вид на научни трудови.

2.2.2.2. После избор во звање доцент

а) Научни трудови кои се објавени во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти и/или се застапени во една од релеватните библиографски бази на податоци (а1)

После изборот во звање доцент, д-р Александар Костадиновски објавил 2 научни трудови.

1. **Kostadinovski, Aleksandar**, Krume Nikoloski, and Margarita Matlievska. 2014. „Measuring and reporting of the healthcare systems performances ". *Journal of Process Management – New Technologies*, 2 (3): 30-40.

2. **Kostadinovski, Aleksandar** and Olivera Gorgieva-Trajkovska. 2013. „Differences between International Financial Reporting Standards and Genarally Accepted Accounting Principles"**.** *Aktuelnosti - Journal of Social Issues* (22): 90-117.

б) Научни трудови објавени во зборници на трудови од меѓународни научни конференции (а2)

После изборот во звање доцент, д-р Александар Костадиновски објавил 3 трудови во зборници од меѓународни научни конференции.

1. **Kostadinovski, Aleksandar**, Janka Dimitrova and Vesna Georgieva Svrtinov.2013. „International education standards for professional accountants"**.** In *Conference Proceedings of Jubilee International Scientific Conference "Finance and Economic Accounting - conditions, trends and perspectives" dedicated to the 60th Anniversary of Finance and Economic Accounting Bachelor Programme, 2. 25-26 of October 2013, Svishtov, Bulgaria, 222-227*. Svishtov: D.A. Tsenov Academy of Economics.

2. **Kostadinovski, Aleksandar** and Olivera Gorgieva-Trajkovska. 2012. „Benefits of improving the financial reporting in Republic of Macedonia"**.** In *Conference Proceedings of 1 st International conference - South-East European Countries towards European Integration, 20 October 2012, Elbasan – Albania*, *50-55,* Elbasan: University of Elbasan - Faculty of Economy.

3. **Kostadinovski, Aleksandar** and Blagica Jovanova. 2012. „Трошоци и придобивки од меѓународните стандарди за финансиско известување“. In *Conference Proceedings of ICBEF - International Conference for business, economics and finance, From Liberalization to Globalization: Challenges in the Changing World, 13-15 of September 2012, Stip, 579-584*. Stip: University of Goce Delcev – Economic Faculty.

2.2.2.3. После избор во звање виш научен соработник / вонреден професор

а) Научни трудови кои се објавени во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти и/или се застапени во една од релеватните библиографски бази на податоци (а1)

После изборот во звање виш научен соработник/вонреден професор, д-р Александар Костадиновски објавил 2 научни трудови:

1. Esmerova, Emanuela, Drasko Atanasoski, and **Aleksandar Kostadinovski.**2020. „Interpretation and analysis of the results on the crowdsourcing in the management innovation process“. *New Knowledge Journal of Science*, 9 (3): 13-22

2. Esmerova, Emanuela, Drasko Atanasoski, and **Aleksandar Kostadinovski**.2020. „Organizational culture in Balkan countries“. *New Knowledge Journal of Science*, 9 (2): 17-24

б) Научни трудови објавени во зборници на трудови од меѓународни научни конференции (а2)

После изборот во звање виш научен соработник/вонреден професор, д-р Александар Костадиновски објавил 3 трудови во зборници од меѓународни научни конференции.

1. **Kostadinovski, Aleksandar**. 2024. „Performance measurement and improvement of healthcare systems “. In *Proceedings of the International Congress for Business, Economy, Sport and Tourism - ICON BEST 2022: "Shaping the Future: Trends and Insights for tomorrow", Skopje, Republic of Macedonia, 18 of November 2024, 246–263.* Skopje: University of Skopje.

2. **Kostadinovski, Aleksandar**. 2024. „Developing and implementing a single set of International Standard for Financial reporting“. In *Proceedings of the International Congress for Business, Economy, Sport and Tourism - ICON BEST 2024: "Shaping the Future: Trends and Insights for tomorrow", Skopje, Republic of Macedonia, 18 of November 2024, 240–245.* Skopje: University of Skopje.

3. Џуровски, Атанас и **Александар Костадиновски**. 2021. „Идентификување на клучните бариери за интегриран пазар на ризичен капитал во ЕУ“. Во *Зборник на трудови од шестта меѓународна конференција: Дигитализацијата и сајбер безбедноста како менаџерски предизвици, Октомври 2021, Битола, 255-264.* Битола: БАС-Институт за менаџмент.

2.2.3. Анализа на објавените научни трудови и научниот придонес на кандидатот

Објавените научни трудови, Рецензентската комисија темелно ги проучила и оценила и ги смета за валидни во постапката за избор на кандидатот д-р Александар Костадиновски во наставно-научно звање вонреден професор.

2.2.3.1. Пред избор во звање доцент

Рецезентската комисија не може да изврши анализа и оценка на научните трудови на кандидатот бидејќи во прегледот на трудови, ниту во прилогот на документацијата, кандидатот д-р Александар Костадиновски не покажува дека поседува ваков вид на научни трудови.

а) Научни трудови кои се објавени во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти и/или се застапени во една од релеватните библиографски бази на податоци

Рецезентската комисија не може да изврши анализа и оценка на научните трудови на кандидатот бидејќи во прегледот на трудови, ниту во прилогот на документацијата, кандидатот д-р Александар Костадиновски не покажува дека поседува ваков вид на научни трудови.

б) Научни трудови објавени во зборници на трудови од меѓународни меѓународни научни конференции (а2)

Рецезентската комисија не може да изврши анализа и оценка на научните трудови на кандидатот бидејќи во прегледот на трудови, ниту во прилогот на документацијата, кандидатот д-р Александар Костадиновски не покажува дека поседува ваков вид на научни трудови.

2.2.3.2. После избор во звање доцент

а) Научни трудови кои се објавени во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти и/или се застапени во една од релеватните библиографски бази на податоци (а1)

1. **Kostadinovski, Aleksandar**, Krume Nikoloski, and Margarita Matlievska. 2014. „Measuring and reporting of the healthcare systems performances “. *Journal of Process Management – New Technologies*, 2 (3): 30-40.

- *Достапност на трудот:* https://eprints.ugd.edu.mk/11281/1/Measuring%20and%20reporting%20of%20the%20healthcare%20systems%20performances.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 1,0 а.а.
- *Објавен во:* а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти, b) индексирано во бази на податоци getCited, Open Access, J-Gate, Scribd.
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* ISSN 2334-7449 (online),
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 33%
- *Бодови според член 95-а, став 6 од Законот за Високото образование на Република Македонија:* 2,5 бодови
- *JEL класификација:* M13, L26

Опис на трудот
Авторите ја наведуваат потребата од јавно објавување на податоците за перформансите на здравствените системи со цел да се подобри отчетноста во испораката на здравствената заштита. Ова би било од голема корист за јавноста, за давателите на здравствени услуги, за креаторите на политиките за здравствена заштита, како и за финансиерите на здравствените услуги.

Научен придонес на трудот
Научниот придонес на трудот претставуваат резултатите од истражувањето кои покажуваат дека стремежот кон подобрување на перформансите на здравствените системи, подразбира нивното обелоденување што би имало двојна корист: прво, ќе овозможи откривање на придонесувачките и непридонесувачките фактори кон подобрување на перформансите, и второ, ќе обезбеди основа за развој на политика заснована на докази насочена кон реформирање на здравствените системи. Ваквата информација е корисна за засегнатите страни како што се јавноста, давателите на здравствени услуги, финансиските агенции и креаторите на здравствени политики, со цел да креираат и реализираат деловни одлуки и соодветни активности.

Личен научен придонес на авторот
Личниот научен придонес на авторот во овој труд изнесува 33% и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на предметот на истражување односно финансиското известување на деловните перформанси, од каде произлегува и препораката на авторот дека успешното спроведување на стратегијата во здравствените системи претпоставува потреба од квантификација и известување за податоците за перформансите. Во процесот на мерење и известување на индикаторите за перформансите, може да се појават проблеми, но и решенија како да изнајдат начини за нивно надминување, што значи прифаќање и спроведување на потребните промени за подобрување на перформансите.

Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).

2. **Kostadinovski, Aleksandar** and Olivera Gorgieva-Trajkovska. 2013. „Differences between International Financial Reporting Standards and Genarally Accepted Accounting Principles“**.** *Aktuelnosti - Journal of Social Issues* (22): 90-117.

- *Достапност на трудот:* https://eprints.ugd.edu.mk/7416/1/DIFFERENCES%20BETWEEN%20INTERNATONAL%20FINANCIAL%20REPORTING%20STANDARDS%20AND%20GENERALLY%20ACCEPTED%20ACCOUNTING%20PRINCIPLES.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 1,0 а.а.
- *Објавен во:* а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти, b) индексирано во бази на податоци COBISS Plus, COLIB, CORES.
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* Print ISSN: 0354-9852,
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50%
- *Бодови според член 95-а, став 6 од Законот за Високото образование на Република Македонија*: 2,5 бодови
- *JEL класификација:* M480

Опис на трудот
Авторите на трудот го потенцираат значењето на унифицираните сметководствени стандарди кои го подобруваат функционирањето на глобалните пазари на капитал, преку обезбедување подобра информираност на инвеститорите и другите корисници на финансиските извештаи. Унифицираните сметководствени стандарди ги намалуваат трошоците за подготовка и толкување на финансиските извештаи и придонесуваат кон намалување на трошокот на капиталот.

Научен придонес на трудот

Научниот придонес на трудот се однесува на анализата на придобивките кон инвестирање во растечките пазари, ако ги познаваме двата светски главни сметководствени системи: Општо прифатените сметководствени принципи (ОПСП) и Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ). Во трудот авторите потенцираат дека двата основни сметководствени системи имаат неколку разлики помеѓу нив кои можат да влијаат на резултатите. Ако ги осознаеме разликите меѓу ОПСП и МСФИ, можеме подобро да ги оцениме извештаите од компаниите.

Личен научен придонес на авторот
Личниот научен придонес на авторот во овој труд изнесува 50% и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на предметот на анализа, односно изготвувањето на финансиски извештаи во согласност со меѓународните стандарди за финансиско известување (IFRS) и општоприфатените сметководствени приципи (GAAP). Прегледот на финансиските извештаи што ги вклучуваат резултатите и според IFRS и според GAAP, покажува дека постои мала разлика помеѓу вкупните просечни вредности на финансиските извештаи објавени според IFRS и GAAP. Ова е важен наод, бидејќи сугерира дека усвојувањето на IFRS во САД нема да предизвика големи промени во резултатите од финансиското известување во САД, барем воопшто. Секако, поединечните компании сè уште може да бидат значително засегнати од одредени сметководствени ставки.

Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).

б) Научни трудови објавени во зборници на трудови од меѓународни научни конференции (а2)

1. **Kostadinovski, Aleksandar**, Janka Dimitrova and Vesna Georgieva Svrtinov.2013. „International education standards for professional accountants“**.** In *Conference Proceedings of Jubilee International Scientific Conference "Finance and Economic Accounting - conditions, trends and perspectives" dedicated to the 60th Anniversary of Finance and Economic Accounting Bachelor Programme, 2. 25-26 of October 2013, Svishtov, Bulgaria, 222-227*. Svishtov: D.A. Tsenov Academy of Economics.

- *Достапност на трудот:* https://eprints.ugd.edu.mk/8440/3/INTERNATIONAL%20EDUCATION%20STANDARDS%20FOR%20PROFESSIONAL%20ACCOUNTANTS.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 0,8 а.а
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 33%
- *JEL класификација:* M480

Опис на трудот

Целта на трудот е да покаже дека унапредувањето на сметководственото образование преку развој и имплементација на меѓународните сметководствени стандарди за едукација ќе ја подобри компетентноста на глобалната сметководствена професија и ќе придонесе за зголемување на довербата на јавноста за работата на сметководителите.

Научен придонес на трудот
Научниот придонес на трудот претставува заклучокот дека развивањето и спроведувањето на меѓународните стандарди за сметководствена едукација може да придонесе кон намалување на меѓународните разлики во барањата за квалификација и работа како професионален сметководител, олеснување на глобалната мобилност на професионалните сметководители и обезбедување меѓународни репери според кои телата членки на IFAC можат да се мерат.
.

Личен научен придонес на авторот

Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 33% и се во неговото теоретско и методолошко знаење и детално елеборирање на потребата од подобрување на образованието преку развој и имплементација на меѓународни образовни стандарди. Стандардите за образование треба да ја зголемат компетентноста на сметководствената професија во глобални рамки, што би придонело за зајакнување на јавната доверба во работата на сметководителите. .

Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).

2. **Kostadinovski, Aleksandar** and Olivera Gorgieva-Trajkovska. 2012. „Benefits of improving the financial reporting in Republic of Macedonia“**.** In *Conference Proceedings of 1 st International conference - South-East European Countries towards European Integration, 20 October 2012, Elbasan – Albania*, *50-55,* Elbasan: University of Elbasan - Faculty of Economy.

- *Достапност на трудот:* https://eprints.ugd.edu.mk/2199/1/1st_international_conferenceAlbania_a.kosta.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 1,0 а.а
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50%
- *JEL класификација:* M480

Опис на трудот
Целта на трудот е детално образложување дека високо - квалитетното финансиско известување е основа за функционална пазарна економија и основа за здрав финансиски систем. Квалитетот на финансиското известување во Република

Македонија е детерминиран од усвојувањето и примената на унифицираните меѓународни стандарди и етички принципи за финансиско известување.

Научен придонес на трудот
Научниот придонес на трудот претставува нотификацијата на активностите и дејствијата, како што се подобрување на регулаторната и институционална рамка за финансиско известување, квалитативна поддршка на сметководствената и ревизорската професија и поддршка на образованието, обуката и јавната доверба во финансиското известување.

Личен научен придонес на авторот
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 50% и се во неговото теоретско и методолошко знаење и детално елеборирање на начините за креирање на успешна стратегија за постигнување на квалитетно финансиско известување.

Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).

3. **Kostadinovski, Aleksandar** and Blagica Jovanova. 2012. „Трошоци и придобивки од меѓународните стандарди за финансиско известување“. In *Conference Proceedings of ICBEF - International Conference for business, economics and finance, From Liberalization to Globalization: Challenges in the Changing World, 13-15 of September 2012, Stip, 579-584*. Stip: University of Goce Delcev – Economic Faculty.

- *Достапност на трудот:* https://eprints.ugd.edu.mk/116/
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 0,8 а.а
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Македонски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50%
- *JEL класификација:* M480

Опис на трудот
Целта на трудот е детално образложување дека при секојдневно менување на економското сценарио во светски рамки, автентичноста на финансиските извештаи на компаниите изготвени според МСФИ, претставува основа врз која инвеститорите и бизнис заедницата можат да ги донесуваат деловните одлуки.

Научен придонес на трудот
Научниот придонес на трудот претставува потенцирањето на значењето на финансиските извештаи како веродостојна слика на работењето на компаниите, се додека истите содржат непристрасна оценка за нивната финансиска состојба и успешност. Но, на флексибилноста што ја овозможуваат МСФИ, авторите им препишуваат и определени слабости. Имено, слободата на претпријатијата при изборот на методите за презентирање на определени сметководствени категории, дава можност финансиските извештаи да ги презентираат само посакуваните резултати, односно

остава простор за манипулација со приходите и профитот, прикривање на објективноста на определени финансиски трансакции, што во краен случај резултира со измама.

Личен научен придонес на авторот
Личниот научен придонес на авторот во овој труд изнесува 50% и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на изготвувањето на финансиски извештаи во согласност со меѓународните стандарди за финансиско известување, како и институционално следење и контрола на правилна примена на меѓународните стандарди за финансиско известување и примена на етичкиот кодекс.
Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).

2.2.3.3. После избор во звање виш научен соработник / вонреден професор

а) Научни трудови кои се објавени во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти и/или се застапени во една од релеватните библиографски бази на податоци (а1)

1. Esmerova, Emanuela, Drasko Atanasoski, and **Aleksandar Kostadinovski.**2020. „Interpretation and analysis of the results on the crowdsourcing in the management innovation process“. *New Knowledge Journal of Science*, 9 (3): 13-22.

- *Достапност на трудот:* https://eprints.ugd.edu.mk/26666/1/720-2113-1-PB.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* original scientific paper
- *Опсег на трудот:* 0,8 а.а.
- *Објавен во:* а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти, b) индексирано во бази на податоци Google Scholar, EBSCO, EconBib, JournalTOCs, ERIH PLUS.
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* ISSN 2367-4598 (online), ISSN 1314-5703 (Print),
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 33%
- *Бодови според член 95-а, став 6 од Законот за Високото образование на Република Македонија:* 2,5 бодови
- *JEL класификација:* M13, L26

Опис на трудот

Авторите ги разјаснуваат иновациите во управувањето со процесите на „Краудсорсинг“, како и ефектот на овој процес врз креативните и сложените задачи. Авторите ги презентираат резултатите од семантичка студија спроведена на примерок од 23 волонтери мотивирани од веб, е-менаџмент и практиката и „менаџментот на виртуелни заедници“, која е користена во комбинација со дедуктивна студија. Авторите ја дефинираат иновацијата како процес на специфицирање на дадена идеја од нејзиното појавување до нејзината пазарна реализација во произведените нови производи, услуги, технологии, процеси.

Научен придонес на трудот
Научниот придонес на трудот претставуваат резултатите од истражувањето кои покажуваат дека генерирањето нови идеи е од суштинско значење за зголемување на конкурентската предност на деловните организации во смисла на постојано барање начини и средства за подобрување. Новите идеи се основа на иновациите и иновативната активност на претпријатијата. Брзото темпо со кое се менуваат барањата на потрошувачите бара инвестирање во иновативни решенија за да се обезбеди континуирано постоење и развој на деловните организации. Имено, иновациите се главната движечка сила на пазарната економија.

Личен научен придонес на авторот
Личниот научен придонес на авторот во овој труд изнесува 33% и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на предметот на истражување односно менаџирање на деловните резултати на организациите, со прикажување на препораки за зголемување на атрактивноста преку иновативни производи, услуги, технологии, процеси, кои може да им донесе на компаниите подобра стратегиска позиција на пазарот, можност за диференцијација, оригиналност, и зголемување на конкурентноста.

Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како оригинален научен труд (original scientific paper).

2. Esmerova, Emanuela, Drasko Atanasoski, and **Aleksandar Kostadinovski**.2020. „Organizational culture in Balkan countries“. *New Knowledge Journal of Science*, 9 (2): 17-24.

- *Достапност на трудот:* https://eprints.ugd.edu.mk/26667/1/711-2090-1-PB.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 0,8 а.а.
- *Објавен во:* а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти, b) индексирано во бази на податоци Google Scholar, EBSCO, EconBib, JournalTOCs, ERIH PLUS.
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* ISSN 2367-4598 (online), ISSN 1314-5703 (Print),
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 33%

- *Бодови според член 95-а, став 6 од Законот за Високото образование на Република Македонија:* 2,5 бодови
- *JEL класификација:* M13, L26

Опис на трудот
Авторите наведуваат дека причините за пропаѓањето на големите концерни на Балканот не се само изгубените пазари или производите со слаб квалитет, туку и она што го бара конкуренцијата - сосема нов пристап кон менаџментот. Новиот менаџмент бара иновативни идеи, посветеност, напорна работа, задоволство од работата, висок квалитет на живот за вработените, добри услови за работа, доверба, почит, соодветна наградба и без непотизам.

Научен придонес на трудот
Научниот придонес на трудот претставуваат резултатите од истражувањето кои покажуваат дека организациската култура е важен елемент на организациската ефикасност. Затоа, менаџерите мора да бидат свесни за тоа што е организациска култура, за нејзините карактеристики и како да ја негуваат и развиваат. Еден од најпроверените начини за промена на организациската култура е системот на наградување. Исто така, високата организациска култура се стимулира преку тимска работа, демократија, дисциплина, децентрализација, соработка, избегнување на непотизам, управување со знаење, независност од државата, однос со клиенти, сигурност на работното место, квалитет на производот, стандардизација, добри пријателски односи меѓу вработените, надворешен локус на контрола, унапредување врз основа на перформанси, диверзификација, сопственик - менаџер, бенефиции.

Личен научен придонес на авторот
Личниот научен придонес на авторот во овој труд изнесува 33% и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на предметот на истражување односно сметководственият менаџмент во организациите, со прикажување на препораки за висока организациска култура, потребно е да се применат принципите на човечки ресурси почнувајќи од анализа на работното место, регрутирање, селекција, обука, следење на кариерата, проценка, компензација, унапредување и комуникација. Организациската структура, дизајнот и лидерството се исто така важни фактори што ја дефинираат организациската култура. Здравите култури привлекуваат продуктивни вработени, а продуктивните работници градат профитабилни компании.

Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).

б) Научни трудови објавени во зборници на трудови од меѓународни научни конференции (а2)

1. **Kostadinovski, Aleksandar**. 2024. „Performance measurement and improvement of healthcare systems “. In *Proceedings of the International Congress for Business, Economy, Sport and Tourism - ICON BEST 2022: "Shaping the Future: Trends and Insights for*

tomorrow", Skopje, Republic of Macedonia, 18 of November 2024, 246–263. Skopje: University of Skopje.

- *Достапност на трудот:* https://iconbest.utms.edu.mk/images/ICONBEST-2024/Zbornik_ICONBEST2024.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 0,8 а.а
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 100%
- *JEL класификација:* M13, L26

Опис на трудот
Овој труд претставува детално објаснување за важноста на мерењето на перформансите за креаторите на политиките да го следат напредокот на нивните здравствени системи со текот на времето и ќе им овозможи да го споредат овој напредок со другите здравствени системи. Изборот на мерења е важен не само за да се воспостави рамнотежа помеѓу здравјето, одговорноста и праведноста во финансискиот товар врз пациентите, туку и за да се воспостави рамнотежа помеѓу квалитетот и праведноста.

Научен придонес на трудот
Научниот придонес на трудот претставуваат добиените резултати од истражувањето дека постојат бројни методи и пристапи за подобрување на перформансите, но базата на докази за нивниот избор често е недоволна и двосмислена. Понатаму, предизвикувачите за промена варираат помеѓу земјите (па дури и во рамките на различните здравствени системи на една земја) во зависност од фактори како што се основните вредности, финансиските и организациските аранжмани, професионалната култура и самоперцептивните граѓани како активни и пасивни учесници во интеракциите на здравствената заштита. Изборот на интервенција зависи од тоа кој е посакуваната цел на промената во однесувањето, на пример, дали станува збор за давателите на здравствени услуги (индивидуални или институционални, професионални тела, граѓани или менаџери).

Личен научен придонес на авторот
Личниот научен придонес на авторот во овој труд изнесува 100% и се состои во неговото теоретско и методолошко знаење и детално елеборирање на важноста на применетиот модел за мерење на перформансите на здравствениот систем со цел да се обезбедат навремени и релевантни информации за факторите што ја одредуваат испораката на здравствени услуги.

Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).

2. **Kostadinovski, Aleksandar**. 2024. „Developing and implementing a single set of International Standard for Financial reporting“. In *Proceedings of the International Congress for Business, Economy, Sport and Tourism - ICON BEST 2024: "Shaping the Future: Trends and Insights for tomorrow", Skopje, Republic of Macedonia, 18 of November 2024, 240–245.* Skopje: University of Skopje.

- *Достапност на трудот:* https://iconbest.utms.edu.mk/images/ICONBEST-2024/Zbornik_ICONBEST2024.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 1,0 а.а
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 100%
- *JEL класификација:* M480

Опис на трудот
Овој труд претставува детално образложување на клучните прашања поврзани со финансиското известување, земајќи ги предвид придобивките и трошоците од унифицираните наспроти националните стандарди, стандардите засновани на правила наспроти стандардите засновани на принципи и други актуелни прашања што се однесуваат на темата. Различноста во финансиското известување е присутна низ целиот свет, па затоа прашањето е како компаниите реагираат на постојаните барања за информации и регулаторните решенија и ограничувања во врска со финансиското известување.

Научен придонес на трудот

Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ) се стандарди кои се базираат на принципи одобрени од Одборот за меѓународни сметководствени стандарди. МСФИ се базираат на филозофија базирана на принципи, а не на правила. Целта на секој стандард е да се постигне разумно вреднување, остварливо на неколку начини. Ова им дава слобода на компаниите да ги прилагодат МСФИ на нивната специфична ситуација, што пак води до лесни за читање и корисни извештаи. Финансиските извештаи подготвени во согласност со МСФИ треба да ги задоволат барањата на акционерите, јавноста, вработените и доверителите преку обезбедување информации за состојбата и работењето на претпријатието. Извештаите подготвени во согласност со МСФИ се корисни за менаџментот и инвеститорите, бидејќи ги намалуваат трошоците за добивање соодветни информации и планирање инвестиции во алтернативни опции.

Личен научен придонес на авторот
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 100% и се состои во неговото теоретско и методолошко знаење и детално елеборирање на околината за ефикасно финансиско известување, заснована на соодветни стандарди за финансиско известување. Усвојувањето на финансиски стандарди што водат до транспарентно финансиско известување ќе им помогне на подготвувачите и корисниците на

финансиските извештаи, за да ги задоволуват потребите на различни видови субјекти, како што се субјекти од јавен или приватен интерес или мали, средни и големи претпријатија.

Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).

3. Џуровски, Атанас и **Александар Костадиновски**. 2021. „Идентификување на клучните бариери за интегриран пазар на ризичен капитал во ЕУ“. Во *Зборник на трудови од шестта меѓународна конференција: Дигитализацијата и сајбер безбедноста како менаџерски предизвици, Октомври 2021, Битола, 255-264.* Битола: БАС-Институт за менаџмент.

- *Достапност на трудот:* https://bas.edu.mk/wp-content/uploads/2023/04/6simpozium_bas.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот: 1,0 а.а.*
- *Објавен во:* COBISS
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Македонски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50%
- *JEL класификација:* M10, M37

Опис на трудот
Целта на трудот е да ги покаже основните бариери за интегриран пазар на ризичен капитал, причините за нивното постоење и начините на нивно решавање. Ориентацијата за интегриран пазар на ризичен капитал е една од клучните цели за постигнување на единствен пазар на финансиски услуги. На патот кон постигнувањето на оваа клучна цел стојат препреки кои од кои што зависи исполнувањето на споменатата цел..

Научен придонес на трудот
Научниот придонес на трудот претставува идентификување на клучните бариери за постигнување на интегриран пазар на ризичен капитал во Европската унија: почетниот капитал, потребата од реформи во пензиските системи, обезбедувањето со колатерал на кредитите, клирингот и порамнувањето, како и дел фактори од областа на генералната монетарна политика. Институционалната структура на Европската унија како и подготвеноста на институциите на Европската унииј соодветно да одговорат во врска со прашањето на справувањето со финансиските кризи, во периодот после воведувањето на еврото беше многу почесто разглесувана а беа формирани и повеќе институции, делумно заради размена на информации, заради давање на мислења по поедини законски предлози во врска со банкарството, а делумно и поради зајакнувањето на капацитетите за справување со можното лошо работење на банкарските, како и кредитните институции, а тоа е и една од главните

институцинални кочници за поголема интегрираност на пазарот на ризичен капитал во рамките на Унијата.

Личен научен придонес на авторот
Личниот научен придонес на авторот во овој труд изнесува 50% и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката на даночната и монетарната политика, што му овозможува да ги идентификува бариерите за интегрираниот пазар на ризичен капитал во рамките на ЕУ во овие два сегменти.

Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).

2.2.4. Учество во научни и стручни проекти

2.2.4.1. После избор во звање доцент

Кандидатот Д-р Александар Костадиновски е учесник е во научно - истражувачки проект одобрен во 2013 година од Фондот за научно-истражувачка работа при Универзитетот "Гоце Делчев" – Штип, со наслов *Состојби и перспективи за зголемување на наталитетот во Р.Македонија со осврт на идентификување на факторите на влијание*.

Воедно, Д-р Александар Костадиновски е учесник во спроведувањето на три меѓународни стручни проекти и тоа:

- (2014) – Обука за сертификација на сметководителите во јавниот сектор на Македонија, во организација на Центарот за развој на финансиите – CEF Словенија, Институтот за јавни финансии и сметководство – CIPFA Велика Британија, и Министерството за финансии Р.Македонија. Ангажиран како преведуваач на материјал за модулот Управување со финансии.
- (2012 - 2014) - Обука за сертификација на внатрешните ревизори во јавниот сектор - Македонија во организација на Центарот за развој на финансиите – ЦЕФ Словенија, Институтот за јавни финансии и сметководство – CIPFA Велика Британија, и Министерството за финансии Р.Македонија. Ангажиран како преведувач на материјал за модулот Сметководство и финансиско известување во јавниот сектор. Ангажиран како предавач на два модули: 1. Национална регулатива и одаточување. 2. Сметководство и финансиско известување во јавниот сектор**.**

2.2.4.2. После избор во звање виш научен соработник / вонреден професор

Кандидатот, проф. д-р Александар Костадиновски, после изборот во виш научен соработник / вонреден професор учествувал во следниве проекти:

- (2015-2016) – Зајакнување на општинските совети, во организација на Здружението на финансиски работници на локалната самоуправа и јавни претпријатија и УНДП. Ангажиран во подготовката на материјал за два модули: 1) Финансиско управување и контрола и 2) Управување со долгови.
- (2015) – Обука за сертификација на сметководителите во јавниот сектор на Македонија, во организација на Центарот за развој на финансиите – CEF Словенија, Институтот за јавни финансии и сметководство – CIPFA Велика Британија, и Министерството за финансии Р.Македонија. Ангажиран како преведуваач на материјал за модулот Управување со финансии.

Д-р Александар Костадиновски во изборниот период се стекнал со Лиценца за вештак од областа на материјалното, сметководственото и финансиското работење (2011 г.) и со Уверение за положен испит за проценувач на капиталот на трговски друштва, јавни претпријатија и други правни лица (2012 г.). Во овие области остварува апликативна дејност, односно има учествувано во изготвувањето на голем број на стручни наоди за вештачења и проценки.

Д-р Александар Костадиновски во периодот од 2022-2025 г. е член на Управен одбор на Комора на проценители на РС Македонија (од 2025 г. и Подпретседател на Комората), избран од Собранието на Комората, а од 2024 г. е и Заменик-раководител на Професионално одделение за економски вештачење, назначен со Решение на Министер за правда на РС Македонија.

2.3. Оценка на севкупната научна дејност

Научниот придонес и објавените научни трудови на кандидатот ја потврдуваат неговата повеќегодишна активна научна дејност, и го афирмираат д-р Александар Костадиновски како признат научник.

Научниот и истражувачкиот опус на кандидатот, вонреден професор д-р Александар Костадиновски, опфаќа 10 научни трудови, од кои 4 се во категорија а1, со оглед на тоа што се објавени во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти и се застапени во една од релеватните библиографски бази на податоци, а освен тоа, објавил и 6 трудови од категорија а2, со оглед на тоа што се објавени во зборници на трудови од меѓународни научни конференции.

Анализираните научни трудови на кандидатот посветени се на научни истражувања и изучување на проблематики од подрачјето на економските науки, област сметководство, сметководствен менаџмент и друго.

Кандидатот во својата научно-истражувачка работа покажала способност за критичко размислување и интерпретација на научни сознанија од други автори, способност за примена на научни методи, интерпретација, споредување на теоретски сознанија,

изведување на сопствени валидни заклучоци, како и надградување или продлабочување на постојните сознанија со што со своите трудови дава значаен научен придонес во областа на сметководството, сметководствениот менаџмент и друго, за која се предлага во наставно-научно звање. Д-р Александар Костадиновски успешно ги користи современите научно-истражувачки методи и ги прилагодува на предметот на истражување. Врз основа на досегашните светски и домашни научни достигнувања, правилно го нагласува нивниот научен придонес, ги прилагодува и ги надградува со свои истражувачки научни сознанија и на тој начин значително придонесува за теоретските знаења од областа на сметководството, сметководствениот менаџмент и друго.

Д-р Александар Костадиновски поседува систематски и аналитички пристап кон проблемот на истражувањето, доследно ја применува научно-истражувачката методологија и се обидува да го презентира специфичното подрачје на проблематика кое го изучува на научно соодветен начин, користејќи релеванти домашни и странски библиографиски извори.

Анализирајќи и оценувајќи ја научно-истражувачката дејност на кандидатот, може да се заклучи дека д-р Александар Костадиновски е квалификуван со соодветни научни методи квалитетно да обработува актуелни теми од областа на сметководството, сметководствениот менаџмент и друго. Кандидатот континуирано ја следи современата домашна и странска научна и стручна литература од доменот на научната проблематика која ја истражува. Во своите трудови покажува дека добро ги владее методите на научни истражувања, дека ја владее материјата од научното подрачје кое го истражува, дека критички интерпретира научни сознанија на други автори, како и дека на соодветен научно-истражувачки начин, не само што ги проширува и продлабочува постојните сознанија, туку и дава нов придонес во научното подрачје за кое се избира.

Во вкупната оценка на научната дејност на кандидатот, се потенцира следното:

- Кандидатот е ***15 години активен во научно-истражувачката работа****;*
- Изработил и одбранил докторска дисертација;
- Објавил вкупно **4** ***научни трудови од категорија а1*** — во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти и се застапени во една од релеватните библиографски бази на податоци, реферирани за подрачјето на општествените науки;
- Во зборници на трудови ***категорија на трудови а2,*** објавил вкупно ***6 трудови***;
- Автор и коавтор е на **3 книги**, користени како учебници;
- Учествувал како соработник – истражувач во научно - истражувачки проект и во меѓународни стручни проекти:
- Научни трудови објавува на англиски јазик;
- Сите вреднувани и анализирани трудови се објавени во рамките на научното подрачје на општествени науки и научното поле на економија;
- Активно учествувала на вкупно ***6 меѓународно научни конференции*** со што покажала дека се вклучува во актуелни научни дебати од научното подрачје со кое се занимава, резултатите од сопствените концептуални и емпириски

истражувања ги презентира и за нив критички дискутира со научни и други учесници на научни конференции, и придонесува во обликување на критички ставови, предлози и препораки за унапредување на применетата економија во доменот на сметководството, сметководствениот менаџмен и економска пракса.

Разгледувајќи и оценувајќи ги објавените научни трудови, Рецензентската комисија заклучува дека резултатите од научната дејност на вонреден професор д-р Александар Костадиновски по својот опсег, квалитет и научен придонес, значајно ја збогатуваат економската наука, а особено областа на сметководството, сметководствениот менаџмент и друго. Исто така, Рецензентската комисија заклучува дека кандидатот, вонреден професор д-р Александар Костадиновски, е активен истражувач и со својата научна работа значајно ги унапредил научните сознанија во научното подрачје за кое бара избор во наставно-научно звање, како и дека неговите научни трудови и научен придонес го афирмираат како научник во подрачјето на општествените науки, полето на економија, област на сметководството, сметководствениот менаџмен и друго.

Оценувајќи ја научната дејност на кандидатот, очигледно е дека кандидатот ги задоволува потребните критериуми. Според тоа, Рецензентската комисија заклучува дека кандидатот вонреден професор д-р Александар Костадиновски во целост е квалификуван за избор во наставно-научно звање вонреден професор за научно-истражувачко подрачје *Општествени науки*, научно-истражувачко поле *научно-истражувачко поле 503: Економски науки, област Сметководство (50328), научно истражувачко поле 506: Организациони науки и управувавње, област Сметководствен менаџмент (50606) и Друго (50329)*.

3. АНАЛИЗА И ОЦЕНКА НА НАСТАВНАТА ДЕЈНОСТ НА КАНДИДАТОТ

3.1. Наставна дејност

Кандидатот, во 2006 година е избрана во соработничко звање помлад асистент на Европскиот универзитет Република Македонија, а во 2009 година избрана е за наставник по група на предмети од областа на Сметководство во наставно-научно звање доцент на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Изведувала настава на прв и втор циклус на студии на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип по предметите Финансиско сметководство, Управувачко сметководство, Планирање, анализа и контрола на трошоци во здравството, Сметководствени информациони системи, Меѓународни стандарди за финансиско известување, Финансиско известување и Управување со трошоци.
Врз основа на Реферат на Рецензенска комисија му се предложува на Наставно - научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да го избере кандидатот Д-р Александар Костадиновски во звањето вонреден професор

за наставно - научната област сметководство е објавен во Универзитетски билтен 128 од јули месец 2014 г. (*Прилог*).
Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип носи Одлука бр.1702-189/5 од 25.08.2014 г. на, со која Д-р Александар Костадиновски не е избран во звање вонреден професор за наставно-научната област Сметководство, а воедно не е избран и во звање доцент за наставно-научната област сметководство. (*Прилог*).

Со правосилна Пресуда РО бр.320/15 од 07.10.2015 г. донесена од Основен суд Штип, се поништува како незаконита Одлука бр.1702-189/5 од 25.08.2014 г. на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“. *(Прилог)*.

Д-р Александар Костадиновски на 15.09.2016 година Приватниот НАУЧЕН ИНСТИТУТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА –Скопје врз основа на објавениот Конкурс на 10.06.2016 година во дневниот весник Нова Македонија, како и Реферотот на Рецензиона комисија за избор на еден наставник во наставно звање во областа на Сметководство и во областа на Ревизија има донесено одлука да го избере д-р Александар Костадиновски во научно/наставно-научно звање виш научен соработник/ вонреден професор за областа Сметководство (со Одлука бр.02-146/1 од 15.09.2016 г.).

Д-р Александар Костадиновски на 16.09.2016 година Приватната високообразовна установа-Висока стручна школа ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА –Скопје врз основа на објавениот Конкурс на 10.06.2016 година во дневниот весник Нова Македонија, како и Реферотот на Рецензиона комисија за избор на еден наставник во наставно звање во областа на Сметководство и во областа на Ревизија има донесено одлука да го избере д-р Александар Костадиновски во наставното звање професор за областа Сметководство и за областа Ревизија (со Одлука бр.02-2661/1 од 16.09.2016 г.).

Кандидатот во однос на образовната дејност, целовремено активно учествувал во наставните тимови на предметите од областа на сметководството и сметководствениот менаџмент. Совесно и квалитетно ги извршувала своите работни задачи кои се однесуваат на подготовка и одржување на настава, консултации со студентите за дипломски, семинарски и стручни трудови, како и подготовка и спроведување на колоквиумите и испитите по наведените предмети.

Кандидатот континуирано учествува во иновирањето на предметните и студиските програми. Исто така, во рамките на наставно-образовната дејност, кандидатот учествувала во комисии за одбрана на дипломски трудови и магистерски трудови, била ментор на кандидати во изработка на магистерски трудови и ментор на соработници-асистенти во нивниот наставно-научен развој.

а) Поглавја во книги (а2)

1. Стојчески, Љупчо и **Александар Костадиновски.**2007. **Основи на сметководство**. Скопје: Европски универзитет РМ.

- *Книгата е каталошки евидентирана:* Print ISBN 978-9989-184-49-9
- *Книгата го опфаќа научното подрачје на* општествени науки, поле економија и поле организациски науки и управување
- *Јазик на кој е напишана книгата:* Македонски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50% (8 а.а.)

Опис на трудот
Книгата е објавена на македонски јазик, на вкупно 358 страни, учебникот е поделен на петнаесет глави: Вовед во сметководството, Сметководствени документи, Сметководствена евиденција, Билансите во претпријатијата, Сметководствени форми и методи, Сметките како инструмент на сметководствената постапка, Книговодствени теории, Сметководствена постапка, Постојани средства, Тековни средства, Обврски, Финансиски резултат и капитал на сопствениците, Сметководствени грешки, Завршна сметка и периодична пресметка.

Првото издание на овој високошколски учебник е резултат на потребите на студентите на Факултетот за економски науки, при што наменски е ориентиран да им овозможи на истите со проучување на сметководствените цели, концепти и инструменти, да го унапредат своето ниво на знаење, вештини и способности на употреба и тоа не само за решавање на проблемите во сметководството, туку пред се за креирање на нови концепти и модели за оптимализација на нематеријалните, материјалните и паричните текови во деловните процеси.

Она што е заедничко од сите аспекти е фактот дека сметководството се развило напоредно со човековата цивилизација и дека таквата состојба трае и денес, како и тоа дека сметководството претставува исклучиво динамичен еволутивен процес. сметководството се развило чисто како одговор на промените во општеството. Некои пак тврдат дека развојот на сметководството е повлечен од еволуцијата на трговијата бидејќи само низ употребата на пософистицирани сметководствени методи модерните бизниси ќе растат и ќе можат да одговорат на барањата на сопствениците и потрошувачите. Како и да е, историјата на сметководството фрла светло врз целата историја на економијата и бизнисот, и може да ни помогне подобро да ја предвидиме еволуцијата на глобалната економија.

Сметководството има за цел да го следи и квантифицира работењето на претпријатието кое се манифестира низ промената на средствата, обврските, капиталот и успехот во работењето. Значи, станува збор за следење и квантифицирање на една многу сложена појава која е зависна од природата на човекот, од односите меѓу луѓето, и луѓето и средствата во самото претпријатие, од односите на претпријатието со опкружувањето (држава, јавност, претпријатија).

Во трудов како составен дел се опфатени и апликативни примери и задачи, кои ќе им помогнат на студентите и на останатите интересенти кон успешно разработување и понатамошен развој и надградба на презентираната материја.

Стручен придонес на трудот

Книгата претставува оргинално и комплексно дело и денес претставува неминовна потреба и од практичен и од теоретски аспект, но и голем предизвик за теоретско-методолошките истражувања. Авторите потенцираат дека сметководството како и многу други дисциплини со текот на времето морало да се прилагодува на новонастанатите услови. Тоа морало да го проширува и менува предметот и делокругот на евидентирањето, напоредно со измените во стопанскиот развиток. Во средниот век, на пример, кога трговскиот капитал бил во центарот на вниманието, трговските трансакции имале најзначајно место во системот на евидентирање. Подоцна со развојот на капитализмот сметководството морало да го прошири опсегот на евидентирање. Проширувањето на делокругот на работење наметнувало нови и се посложени задачи на сметководството. Како организационен дел на претпријатието, сметководството мора да им се прилагодува на сите измени со цел не да пречи, туку да придонесува за подобро одвивање на работењето на претпријатието. За таа цел и сметководството мора постојано да го усовршува системот на евидентирање, да ја прилагодува својата организациона поставеност, да воведува нови, посовршени сметководствени методи на евидентирање, да ја проширува својата активност во опфаќањето нови и се посложени трансакции, делувајќи перманентно како орган во сложениот организам на претпријатието.

Личен стручен придонес на авторот
Личниот стручен придонес на кандидатот како коавтор изнесува 50% и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката на сметководството како организационо најдобро поставен и можеби единствено методолошки доследно разработен систем на информации.

2. **Александар Костадиновски**.2011.**Макро и микро аспектите на трошоците во здравствениот сектор**. Штип: Економски факултет, Универзитет “Гоце Делчев”.

- *Книгата е каталошки евидентирана:* Online ISBN 978-608-4504-41-2
- *Книгата го опфаќа научното подрачје на* општествени науки, поле економија и поле организациски науки и управување
- *Јазик на кој е напишана книгата:* Македонски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 100% (8 а.а.)

Опис на трудот
Книгата е објавена на македонски јазик, на вкупно 223 страни, поделена е на единаесет глави, поделени во два дела, кои се однесуваат на макро аспектите на трошоците во здравствениот сектор (I-воспоставување и употреба на национални здравствени сметки, II-собирање на приходи, III-набавка на здравствени услуги, IV-набавка на инпутите во здравството, V-перформансите на работната сила во здравствениот сектор, VI-квалитативни аспекти на трошоците во здравствената заштита, како и VII-перформансите на Македонскиот здравствен систем) и микро аспектите на трошоците во здравствените институции (VIII -трошковните концепти и одлучување, IX-предвидување на однесувањето на трошоците, X-одредување на цената на производот и XI-контрола на трошоците и анализа на отстапувањата).

Овој учебник, претставува претставува континуирана заложба на самиот автор да ја оформи потребната литература од областа на трошоците во здравствениот менаџмент за студентите кои се соочуваат со анализа на прашања од оваа проблематика. Книгата е подготвена за потребите на студентите од студиската програма Здравствен менаџмент при Економскиот факултет во Штип и таа ги содржи сите предвидени содржини кои се опфатени во предметната програма „Планирање, анализа и контрола на трошоците во здравствениот сектор". Со изучување на макро приодот на трошоците во здравствениот сектор студентите ќе можат да проникнат во природата на постоењето и функционирањето на здравствениот систем, да ги оценат современите теоретски модели на организациона поставеност и можноста за нивно практично имплементирање и детерминирање на перформансите на здравствената организација. Микро приодот, пак, на студентите и поширокатa јавност им овозможува да ги согледаат моделите на мерење и контрола на трошоците во здравствените организации, да проценат во која мера нивната ефективност, ефикасност, одговорност е детерминирана врз принципите на дејствување на економските законитости, меѓутоа, и врз регулативата поврзана со функционирање на системот

Стручен придонес на трудот
Книгата претставува оргинално и комплексно дело кое има двојно значење. Прво, одредува значајни специфики и карактеристики на алокацијата на ресурсите во здравствениост сектор на национално ниво, затоа што рационалната алокација на ресурсите е клучна претпоставка за успешно извршување на планираните здравствени програми и без соодветно менаџирање на ресурсите тешко може да се очекува дека ќе се постигнат саканите резултати како што е обезбедување на универзална здравствена заштита и елиминирање на било каква нерамноправност во пристапот до здравствената заштита. Второ, во контекстот на ефикасната алокација на ресурсите е појаснета и улогата на системот на планирање, анализа и контрола на трошоците на ниво на здравствена институција, како елемент кој овозможува долгорочно да се рационализираат трошоците, но и да се обезбеди континуитет во финансирањето на институциите во здравствениот сектор. Во таа смисла, учебникот претставува единствен едукативен пишан стручен труд кој обработува ваква проблематика кај нас, прилагоден на потребите за образование и едукација во областа на здравствениот менаџмент. Затоа оваа книга сметаме дека е особено значајна, како од теоретски, така и од практичен аспект за актуелните и идните професионалци кои се занимаваат со конкретната проблематика.

Личен стручен придонес на авторот
Личниот стручен придонес на кандидатот како автор изнесува 100% и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката, затоа што значајно внимание посветува на улогата што националните планери и донесувачи на здравствените политики, како и менаџерите во здравствените институции, ја имаат во рационалната алокација на ресурсите и контролата на трошоците во насока на обезбедување на поголема ефективност, ефикасност, економичност, продуктивност и правичност на здравствениот систем во целина.

3. Костадиновски, Александар и Оливера Ѓеоргиева Трајковска.2013 **Осврт кон меѓународните стандарди за финансиско известување.** Штип: Економски факултет, Универзитет "Гоце Делчев", Штип.

- *Книгата е каталошки евидентирана:* Online ISBN 978-608-4708-72-8
- *Книгата го опфаќа научното подрачје на* општествени науки, поле економија и поле организациски науки и управување
- *Јазик на кој е напишана книгата:* Македонски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50% (8 а.а.)

Опис на трудот
Книгата е објавена на македонски јазик, на вкупно 168 страни, поделен е на десет глави, при што се објаснуваат суштинските делови од одделните МСС, МСФИ и Толкувања, кои на студентите од додипломските и постдипломските студии на Економскиот факултет, при Универзитетот Гоце Делчев во Штип ќе им овозможи стекнување на основни сознанија за целите, барањата, делокругот на примена на одделните стандарди, неопходни во процесот на составување и презентирање на финансиските извештаи на деловните ентитети.

Стручен придонес на трудот
Книгата претставува оргинално и комплексно дело кое овозможува да ги спознаеме меѓународните стандарди за финансиско известување, кои ги стандардизираат финансиските извештаи и финансиското известување и прават компромис при нивната примена и начинот на којшто се користат различните методи за проценка на позициите, главно, за да се изготват финансиските извештаи што ќе дадат вистински непристрасен и веродостоен преглед на имотот, обврските и капиталот, промените во финансиската состојба и финансискиот резултат на деловните субјекти. Исто така, непобитен факт е и тоа што финансиското известување, фундирано врз сметководствените стандарди, според квалитетот, претставува најдобра и најсигурна подлога за оценување на различните деловни одлуки од страна на сите заинтересирани субјекти. Авторите потенцираат дека меѓународните стандарди за финансиско известување стануваат основа за презентирање на квлитетни финансиски извештаи, кои надополнети со меѓународните ревизорски стандарди (МРС), нудат унифицираност при ревидирањето на финансиските извештаи и при изразувањето на независно ревизорско мислење.

Личен стручен придонес на авторот
Личниот стручен придонес на кандидатот како коавтор изнесува 50% и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на меѓународните стандарди за финансиско известување, упатствата за нивната примена и начинот на којшто се користат методите за проценка на позициите, главно, за да се изготват финансиските извештаи што ќе дадат вистински непристрасен и веродостоен преглед на имотот, обврските и капиталот, промените во финансиската состојба и финансискиот резултат на деловните субјекти.

3.2. Оценка од самоевалуација

Центарот за обезбедување на квалитет при Универзитетот „Гоце Делчев' од Штип има издадено Потврда (арх.бр.3402-1/1 од 01.07.2014 г.), објавена во Унивезитетски билтен бр.128 од Јули 2014 г., според која по остварената евалуација согласно одредбите од Правилникот за евалуација на наставниот процес на академскиот кадар од страна на студентите на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, во периодот од 11.06.2014 до 30.06.2014 г., наставникот Доцент Д-р Александар Костадиновски наставник на Економскиот факултет има позитивна оценка (просечна оценка е 4,053 од 1 до 5) од евалуацијата. Потврдата се издава за потребата за избор во наставно-научно звање на наставникот.

Ова покажува дека вонреден професор д-р Александар Костадиновски има позитивна оценка во однос на наставната дејност, која е добиена со анкетирање на студентите кои ги изучуваат предметите од областа во која се избира кандидатот.

3.3. Оценка на севкупната наставна дејност

Во рамки на наставната активност, вонреден професор д-р Александар Костадиновски, самостојно ја подготвува и изведува наставата на додипломските и последипломските студии. На асистентите и соработниците им помага во наставно-научниот развој.

Активно учествува во поврзување на наставата на сите нивоа со практичната настава при што дел од наставните активности со студентите ги изведува преку наставни практикуми и преку редовни посети на институции и компании, но и вклучување на гости предавачи од практиката во рамките на предавањата.

Кандидатот значително содржински и методолошки го унапредила наставниот процес и кај студентите поттикнува развој на критички начин на размислување и потреба за постојано стручно усовршување. Воедно има изградено правилен однос во комуникацијата со студентите.

Се залага за поврзување на теоретската настава со практичната со што студентите полесно би ја совладале материјата и активно учествува во избор на практичари во наставниот процес. Освен тоа постојано настојува да го подобри наставниот процес преку постојано иновирање на своите наставни активности.

Комисијата смета дека вкупната наставна активност на кандидатот до сега покажува дека содржински и методички го унапредил својот наставен процес особено по предметите Сметководство, Ревизија, Финансиско сметководство, Управувачко сметководство, Планирање, анализа и контрола на трошоци во здравството, Сметководствени информациони системи, Меѓународни стандарди за финансиско известување, Финансиско известување и Управување со трошоци. Кандидатот исто така во средината ужива углед на амбициозен и посветен наставник, кој ги прати светските трендови во областа на економијата и сметководството и на адекватен начин ги интерпретира и пренесува на студентите.

4. АНАЛИЗА И ОЦЕНКА НА СТРУЧНАТА ДЕЈНОСТ НА КАНДИДАТОТ

4.1. Рецензии

Кандидатот, проф. д-р Александар Костадиновски, е определен за член во повеќе рецензентски комисии за изготвување на извештаи за избор на соработници и наставници за група предмети од соодветната област во рамките на своето работно место како виш научен соработник/вонреден професор на Приватниот Научен институт за Бизнис Економија –Скопје и на Факултетот за Бизнис економија - Скопје и претходно како доцент на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“.

4.2. Оценка на севкупната стручна дејност

Наведентите факти создаваат заокружена слика за кандидатот, вонреден професор д-р Александар Костадиновски, како активна и стручно определена личност, кој со своите пишани стручни трудови и низата на стручни предавања, своите широки познавања несебично ги пренесува и на поширокаа јавност, како што се модерните трендови во општите постапки на примена на новите современи сметководствени техники и концепти заради унапредување на работењето.

Во своите стручни трудови, кандидатот успешно ги применува своите теоретски и практични знаења за решавање на проблематики во подрачјето на економијата и сметководството. Вкупниот стручен придонес на кандидатот е исклучително плоден, при што посебно се потенцира синтезата на различните, но меѓусебно комплементарни дисциплини кои се во фокус на неговиот интерес (сметководство, финансиско сметководство, управувачко сметководство, ревизија), како и интеграцијата и поврзувањето на знаењата и мислењата за идниот економски развој на државата и успешното промовирање на компаниите и институциите.

5. ЗАКЛУЧОК, МИСЛЕЊЕ И ПРЕДЛОГ НА РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА

Откако направивме увид во севкупното научно, научно-стручно и стручно творештво на вонреден професор д-р Александар Костадиновски, увид во одбранетите и објавени трудови, увид во биографските податоци и наставната ангажираност, ние како Комисија заклучивме дека врз основа на член 164 и 166 став 3 и 5 од Законот за високото образование на Република Македонија за Критериуми за избор во наставно-научно звање вонреден професор:

1. Кандидатот **вонреден професор д-р Александар Костадиновски** има научен степен доктор на науки од научната област во која се избира.
2. Кандидатот **вонреден професор д-р Александар Костадиновски** има објавени 10 научно-истражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија кои се од соодветната област.
3. Кандидатот **вонреден професор д-р Александар Костадиновски** има учество во четири научно-истражувачки проекти и стручни проекти.
4. Кандидатот **вонреден професор д-р Александар Костадиновски** има придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници.
5. Кандидатот **вонреден професор д-р Александар Костадиновски** има способност за изведување на разни видови високообразовна дејност.
6. Кандидатот **вонреден професор д-р Александар Костадиновски** бил ментор на над 30 дипломски работи, 10 магистерски трудови и член на комисија за изработка и одбрана на над 20 магистерски трудови.
7. Кандидатот **вонреден професор д-р Александар Костадиновски** има позитивна оценка од самоевалуација.
8. Со содржината на трудовите што ги достави кандидатот **вонреден професор д-р Александар Костадиновски** и неговото работно искуство без сомнение укажуваат дека станува збор за веќе оформен научен работник со богато академско искуство.
9. Исто така, врз основа на биографските податоци на кандидатот, како и презентираните согледувања за неговите постигнувања на полето на научно-истражувачките и наставните активности (научни и стручни трудови, семинари, конференции, наставна дејност и слично) во земјата и странство – можевме да зклучиме дека станува збор за професионално изграден кандидат со исклучителна комуникативност и успешност во извршување на работните обврски.
10. Последниот избор на кандидатот Д-р Александар Костадиновски во наставно – научно звање виш научен соработник / вонреден професор е извршен 15.09.2016 г.,
11. Затоа цениме дека кандидатот може со успех да ја обавува наставната дејност по група предмети од областа на сметководството на Универзитетот Скопје- Скопје.

Земајќи ги во предвид сите горенаведени заклучоци, Комисијата има исклучително задоволство да му предложи на **Наставно-научниот совет на Економскиот факултет** на **Универзитетот Скопје во Скопје, вонреден професор д-р Александар Костадиновски** да го избере во наставно-научно звање **ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР** во

научно-истражувачкото подрачје *Општествени науки,* научно-истражувачко поле Економски науки, област Сметководство (50328),

Рецензентска комисија:

1. **Проф. д-р Блажо Недев, редовен професор во пензија, претседател, Економски факултет, Универзитет "Св.Кирил и Методиј"Скопје; с.р.**
2. **Проф. д-р Атанаско Атанасовски, редовен професор, член, Економски факултет, Универзитет "Св.Кирил и Методиј" Скопје; с.р.**
3. **Проф. д-р Зоран Ивановски, редовен професор, член, Економски факултет, Универзитет Скопје - Скопје; с.р.**

Табела 1. Рекапитулација на научните и стручните трудови на кандидатот

Вид на трудот	Пред избор во доцент	После избор во доцент	После избор во вонреден професор	Вкупно
НАУЧНИ ТРУДОВИ 1. Научни трудови објавени во списанија со меѓународно призната рецензија		2	2	4
2. Научни трудови објавени во зборници од меѓународни научни конференции		3	3	6
3. Научни трудови објавени во зборници од домашни научни конференции				
4. Книги	1	2	0	3
ВКУПНО НАУЧНИ ТРУДОВИ				
СТРУЧНИ ТРУДОВИ 1. Стручни трудови објавени во списанија, ревии				
2. Проекти и рецензии		2	2	4
3. Прирачници				
ВКУПНО СТРУЧНИ ТРУДОВИ				
4. Други трудови				
ВКУПНО НАУЧНИ И СТРУЧНИ ТРУДОВИ				